[За EthicsPoint]
[Пријавување – Општо]
[Сигурност и доверливост на пријавување]
[Совети и најдобри практики]

# За EthicsPoint

### Што е EthicsPoint?

EthicsPoint е сеопфатна и доверлива алатка за пријавување создадена од NAVEX Global за да помогне раководството и вработените да работат заедно за откривање измама, злоупотреба и друго лошо однесување на работното место во исто време култивирајќи позитивно работно опкружување.

### Зошто ни е потребен систем како EthicsPoint?

- Веруваме дека нашите вработени се наша најголема вредност. Со создавање отворени канали на комуникација, ние промовираме позитивна работна средина и ја максимизираме продуктивноста.
- Компаниите со чии акции јавно се тргува на берза, со закон се обврзани да имаат анонимен механизам за пријавување за да се изнесе измама во сметководство и ревизија директно до Комитетот за ревизија
- Ефективен систем за пријавување ќе ги зголеми нашите останати напори да изградиме култура на интегритет и етичко донесување одлуки.

# Пријавување – Општо

### Може ли да пријавам користејќи само интернет или само телефон?

Да.  Со EthicsPoint, имате можност да поднесете доверлива анонимна пријава преку телефон или преку интернет.

### Какви типови на ситуации би требало да пријавам?

Системот на EthicsPoint е дизајниран вработените да пријавуваат секакви прекршувања на нашиот наведен Кодекс на однесување или друга загриженост што може ја имате.

### Ако видам прекршок, не треба ли само да го пријавам до мојот раководител, обезбедувањето или човечки ресурси и да ги оставам нив да се справат со истото?

Кога ќе забележите некое однесување за кое верувате дека го прекршува нашиот кодекс на однесување, очекуваме да го пријавите. Во најдобар случај, треба да му ја соопштите вашата загриженост на непосредниот раководител или друг член на нашиот раководен тим. Како и да е, разбираме дека може да има околности кога не ви е пријатно да го пријавите проблемот на тој начин. Поради таквите околности ние воспоставивме партнерство со EthicsPoint. Ние повеќе би сакале да пријавите анонимно отколку да ја задржите информацијата за себе.

### Зошто би го пријавил тоа што го знам? Што добивам од тоа?

Сите ние имаме право да работиме во позитивна средина и со тоа право доаѓа обврската да дејствуваме на етички начин и да ги информираме соодветните лица, ако некој не се однесува соодветно. Со заедничко работење, ние одржуваме здрава и продуктивна средина. Корпоративното лошо однесување може да го загрози опстанокот на целата компанија.

### Дали раководството навистина сака јас да пријавам?

Секако дека сакаме. Всушност, потребно ни е да пријавите. Вие знаете што се случува во нашата компанија – и добро и лошо. Може да имате почетно знаење за активност што може да биде причина за загриженост. Вашето пријавување може да го минимизира потенцијалното негативно влијание врз компанијата и врз нашите луѓе. Исто така, нудењето позитивно внесување може да помогне да се идентификуваат прашања што може да ги подобрат корпоративната култура и резултати.

**Каде одат овие пријави? Кој има пристап до нив?**

Пријавите директно се пренесуваат на безбеден сервер на EthicsPoint за да се спречи какво било можно нарушување на сигурноста. EthicsPoint овозможува пристап до овие пријави само за конкретни поединци во компанијата кои се задолжени за евалуирање на пријавата, врз основа на типот на прекршок и локацијата на инцидентот. Секој од овие примател на пријавата поминал обука за чување на овие пријави во најголема доверливост.

**Не е ли тој систем само пример на некој што ме надгледува?**

Системот EthicsPoint се концентрира на тоа да биде позитивен аспект на нашата севкупна филозофија и ни овозможува да осигуриме безбедно, сигурно и етичко работно место. Ве охрабруваме да побарате упатства за етички дилеми, да дадете позитивни предлози или да пренесете загриженост. Ефективната комуникација е од суштинско значење на денешното работно место и тој е извонредна алатка за зголемување на таа комуникација.

Ние внимателно ја избравме најдобрата алатка за пријавување за да ги исполниме нашите обврски за усогласеност додека одржуваме позитивна средина за пријавување.

# Сигурност и доверливост на пријавување

**Колку што разбирам, секоја пријава што ја испраќам од компјутер на компанијата генерира дневник на серверот што го покажува секој веб-сајт со кој мојот компјутер се поврзува, дали тој дневник нема да ме идентификува како доставувач на пријавата?**

EthicsPoint не генерира и не одржува никакви дневници за внатрешно поврзување со IP адреси, па нема достапни информации што ќе го поврзат вашиот компјутер со EthicsPoint. Всушност, EthicsPoint е договорно обврзан да не го следи идентитетот на пријавувачот.

Ако се чувствувате непријатно да поднесете пријава преку вашиот компјутер на работа, имате можност да користите компјутер надвор од нашето работно опкружување (како компјутер во интернет кафе, во куќа на пријател и сл.). преку безбедната веб-страница на EthicsPoint.  Многу луѓе ја избираат оваа опција, бидејќи податоците на EthicsPoint покажуваат дека помалку од 12% од пријавите се создадени во текот на работното време.

**Може ли да поднесам пријава од дома и сепак да останам анонимен?**

Пријава од дома, од компјутер на сосед, или од кој било портал на интернет ќе биде безбедна и анонимна.  Портал на интернет никогаш не го идентификува посетителот според име на екран и системот EthicsPoint ги отстранува адресите на интернет па така анонимноста е целосно зачувана. Дополнително, EthicsPoint е договорно обврзан да не го следи идентитетот на пријавувачот.

**Загрижен сум дека информациите што ќе ги дадам на EthicsPoint на крајот ќе го откријат мојот идентитет. Како може да ме убедите дека тоа нема да се случи?**

Системот на EthicsPoint е дизајниран да ја заштити вашата анонимност. Сепак, ако сакате да останете анонимни, вие – како страна што пријавува – треба да се осигурите дека содржината на пријавата случајно не го открива вашиот идентитет. На пример, „Од мојот простор веднаш до Џон Смит ...“ или „Во моите 33 години...“.

**Дали исто така и бесплатната директна телефонска линија е доверлива и анонимна?**

Да. Од вас ќе се побара да ги дадете истите информации што би ги дале во пријава прекук интернет и анкетарот ќе ги запише вашите одговори на веб-страницата на EthicsPoint. На овие пријави се применуваат истите мерки за сигурност и доверливост во текот на доставата.

**Што ако сакам да се идентификувам со мојата пријава?**

Доколку сакате, има дел во пријавата за идентификување.

# Совети и најдобри практики

**Свесен сум за некои поединци што се вклучени во неетичко однесување, но тоа не ме засега. Зошто да се мачам да го пријавувам?**

Нашата компанија избира да промовира етичко однесување. Сето неетичко однесување, на кое било ниво, на крајот и наштетува на компанијата и на сите вработени, вклучувајќи ве и вас. Вие само треба да размислите што се случило во скорешните корпоративни скандали за да ги видите катастрофалните ефекти кои може да ги имаат навидум безопасните пропусти во етиката врз инаку здрава компанија. Па така, ако знаете за какви било инциденти на лошо однесување или прекршувања на етиката, сметајте дека е ваша должност кон себе и кон вашите колеги да пријавите.

**Не сум сигурен дека тоа што го забележав или слушнав е прекршување на политиката на компанијата или вклучува неетичко однесување, но едноставно не ми изгледа правилно. Што треба да направам?**

Поднесете пријава. EthicsPoint може да ви помогне да подготвите и да поднесете пријава која ќе биде правилно разбрана. Ние повеќе би сакале да пријавите ситуација за која ќе се утврди дека е безопасна, отколку да дозволиме можно неетичко однесување да помине непроверено бидејќи не сте биле сигурни.

**Што ако мојот шеф или други раководители се вклучени во прекршокот? Нема ли тие да ја добијат пријавата и да започнат со прикривање?**

Системот на EthicsPoint и дистрибуцијата на пријавата се дизајнирани така што засегнатите страни не се известуваат ниту им е дозволен пристап до пријавите во коишто се именувани.

**Што ако се сетам на нешто важно за инцидентот по поднесувањето на пријавата? Или што ако компанијата има дополнителни прашања за мене во врска со мојата пријава?**

Кога ќе поднесете пријава на веб-страницата на EthicsPoint или преку кол-центарот на EthicsPoint, ќе добиете единствено корисничко име и од вас ќе се побара да изберете лозинка. Може повторно да се вратите до системот на EthicsPoint или преку интернет или преку телефон и да пристапите до оригиналната пријава за да додадете повеќе детали, или да одговорите на прашања поставени од претставник на компанијата и да додадете дополнителни информации што ќе помогнат за решавање на отворени прашања. Силно препорачуваме да се вратите на сајтот во наведеното време за да одговорите на прашањата на компанијата. Вие и компанијата сега сте стапиле во „анонимен дијалог“ каде што ситуациите не само што се идентификуваат, туку може да се разрешат без оглед колку се сложени.

**Дали овие следни чекори за пријавите се сигурни како првиот?**

Сета кореспонденција со EthicsPoint се одвива во истата строга доверливост како почетната пријава, продолжувајќи под чадорот на анонимноста.

**Можам ли сепак да поднесам пријава ако немам пристап на интернет?**

Може да поднесете пријава до EthicsPoint од секој компјутер што има пристап на интернет. Може да поднесете од дома. Многу јавни места, вклучувајќи ја јавната библиотека имаат компјутери поврзани на интернет. Ако немате пристап до или не ви е пријатно да користите компјутер, може да се јавите на бесплатната директна линија на EthicsPoint, која е достапна 24 часа дневно, 365 дена годишно.